**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-265/19**
**Скопје, 24.05.2006 година**

**До**
**Јавна здравствена организација**
**МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР КИЧЕВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈЗО Медицински центар Кичево заклучно со **31.08.2005** година, денот на статусната промена, а кои се прикажани на страните од 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, за финансиските извештаи на Медицински центар Кичево за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Д-р Шазиман Алили - в.д. Директор на Медицински центар - Кичево

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 06.03–24.03.2006 и од 05.04.- 07.04.2006 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Владимир Милојевиќ-помошник на ГДР и овластен државен ревизор;
   - Љубица Локвенец-виш ревизор,
   - Билјана Стојановска-ревизор, и
   - Албане Чупи-помлад ревизор, приправник.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи и
   -дали се законски засновани побарувањата и обврските.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Врз основа на донесени Решенија на Министерство за здравство број 13-10226/14 и 13-10226/15 од 10.12.2004 година, Јавната здравствена организација – Медицински центар – Кичево, е трансформирана и е пререгистрирана во судскиот регистар, а согласно член 200-ч од Законот за здравствена заштита и тоа:
    - делот од Медицинскиот центар, во кој се врши специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита, ги исполнува условите по однос на просторот, опремата и кадарот да се пререгистрира како ЈЗУ Општа болница и
    - делот од Медицинскиот центар, во кој се врши примарна здравствена заштита ги исполнува условите по однос на просторот, опремата и кадарот како ЈЗУ Здравствен дом.

    Правните следбеници на Медицински центар Кичево, во ЈЗУ Општа болница и ЈЗУ Здравствен дом, извршиле делбен биланс во однос на имотот, побарувањата и обврските со дата 31.08.2005 година.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***11.1. Неправилна примена на акти:***

11.1.1. Статутот кој е донесен мај 1995 година не е усогласен со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита (Сл.весник број 10/04) и Законот за здравствено осигурување и тоа:

- не е извршена измена согласно член 3 и член 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита според кој се менува основачот на Медицинскиот центар од Собрание со Влада на РМ, а согласност на одредбите на Статутот дава Министерството за здравство, а зборовите здравствена организација се заменуваат со зборовите јавна здравствена установа.

- не е извршено усогласување со членовите 68-70 од Законот за здравствено осигурување во однос на финансирањето на здравствените услуги.

Поради неусогласеност со законската регулатива Медицински центар – Кичево своето работење го спроведува по законски одредби кои не се на сила.

**Препорака:**
Актите на правните следбеници на Медицинскиот центар да се усогласат со постојната законска регулатива.

11.1.2. Меѓусебните односи за давање на здравствени услуги на Медицински центар - Кичево и јавните и приватните здравствени установи не се регулирани со договор спротивно на член 34 од Статутот, што има влијание на побарувањата за извршени здравствени услуги, со состојба на 31.08.2005 година. Поради претходното, како ефект од горенаведената состојба истото има влијание на одредени билансни позиции во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Правните следбеници на Медицинскиот центар да ги регулираат односите за давање на здравствени услуги со јвните и приватните здравствени установи со договор.

11.1.3. Не е склучен Договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во натамошниот текст-ФЗОМ) за видот, обемот, квалитетот и роковите за остварување на здравствената заштита, односно здравствените услуги, начинот на пресметувањето и плаќањето на здравствените услуги, причините и условите под кои може да се раскине договорот, спротивно на член 70 од Законот за здравствено осигурување. Нерегулираните односи помеѓу Медицински центар – Кичево и ФЗОМ придонесувале наплатата на здравствените услуги да се врши авансно и тоа во износи за реалните потреби за исплата на плата, надоместоци и други материјални и тековни расходи од работењето, а не во висина на фактички извршените здравствени услуги од страна на Медицинскиот центар - Кичево.

**Препорака:**
Правните следбеници согласно одредбите од Статутот, член 70 од Законот за здравствено осигурување и член 131 од Законот за здравствена заштита, односите со ФЗОМ за укажување на здравствена заштита на осигурениците да ги уредат со договор со што ќе се воспостави систем на договорно финансирање

11.1.4. Не е назначен одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи, поради неупатеност во законската регулатива, што е спротивно на член 16 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на вршење контрола на трошењето средства согласно овој закон.

**Препорака:**
Директорот на правните следбеници да назначи одговорен сметководител за водење на деловните книги.

### 11.2. *Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

11.2.1. Медицински центар Кичево применува комбиниран метод на сметководствена евиденција во текот на годината, при што приходите дел ги евидентира според начелата на парично искажување (наплатена реализација), а дел ги евидентира според начелата на пресметковното сметководство (фактурирана реализација), додека пак расходите ги евидентира според пресметковното сметководство (фактурирана реализација), спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради непримена на основното сметководственото начело на парично искажување, ревизијата не беше во можност да се увери во веродостојноста на искажаните билансни позиции.

**Препорака:**
Сметководствената евиденција да се усогласи со одредбите од член 18 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, односно да се применува сметководственото начело на парично искажување за сите расходи и други одливи освен расходите за трошење на краткорочни средства и тоа: храна, медицински материјали и лекови кои се признаваат во моментот и во висината на настанување на вистинското трошење.

11.2.2. Евидентирани се побарувања од правни лица во износ од 10.411 илјади денари, за кои не се превземени мерки за наплата, иако овие побарувања потекнуваат од минати години, спротивно на Законот за облигациони односи., и истото има влијание врз објективноста и реалноста на финансиските извештаи.

**Препорака:**
Да се преиспита основот за евидентирање на овие побарувања, да се утврди старосната структура по коминтенти и да се превземат мерки за наплата на искажаните побарувања.

11.2.3. Средствата остварени од уплатено учество на осигурениците во здравствените услуги (партиципација) кои претставуваат приход на ФЗОМ не се уплатени во Фондот, спротивно на член 36 од Законот за здравствено осигурување. Поради неуплаќањето на средствата, Медицинскиот центар Кичево на ден 31.08.2005 година имал обврска кон Фондот по овој основ во износ од 6.943 илјади денари.

**Препорака:**
Средствата остварени од уплатено учество на осигурениците во здравствените услуги редовно да се уплатуваат во Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

### 11.3. *Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

11.3.1. Одредени позиции во Билансот на состојба меѓусебно не се усогласени, спротивно на одредбите од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, и тоа за:

- Позицијата Постојани средства од Билансот на состојба не е усогласена со позицијата Извори на капитални средства за износ од 6.684 илјади денари,

спротивно на член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;

- Позицијата Залихи од Билансот на состојба не е усогласена со позицијата Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар) за износ од 67 илјади денари, спротивно на член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;

Непримената на законската регулатива и неизвршено усогласување на сметките има влијание на реално и објективно прикажани билансни позиции во билансот на состојба.

**Препорака:**
Правните наследници на субјектот да извршат усогласување на сметките од сметководствената евиденција кои меѓусебно кореспондираат, согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

11.3.2. Евидентирано е зголемување на вредноста на градежните објекти и опрема, со истовремено намалување на акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на материјалните средства и деловниот фонд во Билансот на состојба за износ од 5.356 илјади денари, спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради усогласување на аналитичката материјална евиденција со финансиската евиденција за која субјектот нема образложение зошто е направено така. Истото има влијание врз билансните позиции, во финансиските извештаи на субјектот.

**Препорака:**
Сметководствената евиденција да се усогласи со одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, и усогласувањата да се вршат врз основа на уредни и веродостојни книговодствени документи.

11.3.3. Позицијата долгорочни кредити и позајмици во земјата и странство и орочени средства во Билансот на состојба, која се однесува на евидентирана вредност на акции во АД Тане Цалески Кичево која отишла во стечај, во износ од 882 илјади денари, ревизијата утврди, а по доставен допис од Централниот депозитар за хартии од вредност, дека сметката на издавачот на хартии од вредност над кој е отворена стечајна постапка се отстрануваат од активниот систем на Депозитарот…, и субјектот( МЦ Кичево) повеќе не е акционер во наведеното друштво. Ваквата состојба влијае на објективноста на финансиските извештаи.

**Препорака:**
Правниот наследник ЈЗУ Здравствен дом Кичево да ја констатира состојбата за горенаведената позиција и да превземе мерки во однос на истата.

### *11.4. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

#### *11.4.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџет и спротивно на законските прописи*

- Медицинскиот центар набавува/нарачува медицинска опрема, лекови, медицински потрошен материјал, медицински помагала, по групни набавки спроведени од страна на ФЗОМ поради постигнување на пониски цени на пазарот, за кој нема склучено договор и не се утврдени потребните количини за набавка. Набавката од Медицински центар се врши врз основа на доставен Преглед на склучени договори за испорака на лекови и медицински материјали

помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и добавувачите, кој не содржи податоци за количината на лекови и медицински материјали кои Медицински центар може да ги набави во тековната година, бидејќи нема ограничување во потрошувачката и следење на количината. За набавените количини не се врши контрола од страна на Фондот и со вака воспоставен начин на набавки на Медицинскиот центар му се овозможува да врши набавки без ограничување, а со тоа да создава обврски кои ФЗОМ треба да ги подмири.

**Препорака:**
Групните јавни набавки да се спроведуваат по претходно склучен договор за групна набавка согласно член 13 од Законот за јавни набавки

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 11.2 и 11.3. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на ЈЗО Медицински центар Кичево на ден **31 август 2005 година** и резулататот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките од 11.1.,11.2. и 11.4. кај ЈЗО Медицински центар Кичево е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи заклучно со **31 август 2005 година**.

14. Според наше мислење, освен за наодите изнесени во точките 11.1.1, 11.1.2, 11.1.3, 11.2.2, 11.2.3 и 11.4, побарувањата и обврските со состојба на **31.08.2005 година,** се законски засновани, согласно регулативата што важи во Република Македонија.

15. Правните следбеници на Јавната здравствена организација– Медицински центар – Кичево, во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија превземаат мерки за воспоставување систем на договорно финансирање. Во таа насока во тек е усогласувањето и одобрувањето на изготвените Проекции и согледувања за приходите и расходите по намени за 2005, 2006 и 2007 година од страна на Фондот, согласно усвоените Процедури за подготвување, извршување и известување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и за Буџетите на јавните здравствени установи.
Со Акциониот план за Фондот за здравствено осигурување на Македонија усвоен на 30-та седница на Владата на РМ одржана на 12.05.2005 година предложена е програма и утврдени се временски рамки за спроведување на соодветни активности во однос на воспоставување на соодветна политичка основа за реформите во системот на здравствената заштита во Македонија, формулирање на буџетот со фиксирани буџетски плафони на здравствените установи, подобрување на контролите на буџетското извршување, известување, повторно прогнозирање и справување со заостанатите обврски на здравствените установи, воспоставување на прелиминарен систем на финансиски индикатори и индикатори за изведба на сите здравствени установи и зајакнување на активностите за набавка на ФЗОМ.

16. На позицијата Инвестиции во тек во Билансот на состојба, евидентиран е износ од 121.262 илјади денари, кој се однесува на изградба на Здравствен дом – Кичево, со вкупна површина од 5.311 м2 и тоа хронолошки по следниов редослед:
- Склучен е основен договор за градење бр.03-1322/1 од 23.07.1990 година потпишан помеѓу МЦ Др.Трифун Паноски Битола ООЗТ Здравствени служби -

Кичево и ГП Гранит- Скопје, во износ од 27.000.000 динари ( односно 3.800.000 ДМ по курс од 7 динари за 1 германска марка)

- Склучен Анекс бр.1 кон основниот договор од 15.06.1998 година помеѓу Министерството за здравство-ФЗО-Скопје и ЈЗО МЦ Кичево за продолжување и довршување на изградбата на објектот поликлиника-Здравствен дом МЦ Кичево, според предмер пресметка на изведувачот, во износ од 92.77.059 денари (односно 3.000.000 ДМ по курс од 30,9234 денари за 1 германска марка и
- Склучен Анекс бр.2 кон основниот договор од 06.12.2000 година помеѓу Министерството за здравство, ЈЗО МЦ Кичево и ГД Гранит АД Скопје, за продолжување на изградбата на објектот, во износ од 41.475.143 денари (односно 1.339.026 ДМ по курс од 30,9741 денари за 1 германска марка).

Доставени се 2 информации до Владата на РМ и тоа:

- Информација бр.03-431/1 од 17.06.2004 година до Владата на РМ, од тогашното раководно лице на ЈЗО Медицински центар Кичево Д-р. Ибраим Ибраими, за состојбата со изградбата, вкупно потрошени средства и потребата на дополнителни финансиски средства за да се заврши изградбата и
- Информација бр.03-168/1 од 11.02.2005 година до Владата на РМ, од директорот на ЈЗО Медицински центар Кичево Д-р Шазиман Алили, со информација за започнатата изградба и барање на финансиски средства за да се доврши изградбата.

Како причина за сеуште неизградениот објект се посочуваат објективни причини и тоа отпочната војна во поранешна Југославија, но исто така и недоволно финансиски средства, кое пак е поврзано со недобро планирање и обезбедување на финансиска конструкција.(субјективен фактор).

Ефектот од горенаведента ситуација е незавршен капитален (инвестиционен) објект, амортизирање на вредноста која е инјектирана во оваа инвестиција, и неодвивање на градежни работи од 2001 година, што може да резултира до губење на вредност, и не ставање во употреба на здравствен објект од големо значење за кичевскиот регион.

Објектот, со денот на завршување на ревизијата сеуште е незавршен, нема одвивање на градежни работи, а од направениот преглед за потребни средства за довршување на започнатата инвестиција Поликлиника во ЈЗО Медицински центар Кичево изнесуваат 70.832.324 денари.

17. Започнат е судски спор, од страна на правниот наследник ЈЗУ Општа болница Кичево против должникот ПЗУ Градска Аптека Кичево, чиј сопственик е АД Јака 80, по основ на неплатена фактура бр.13/05 од 31.08.2005г. за лекови од негативна листа на износ од 828 илјади денари на име главен долг. Во тек е судската постапка и крајниот резултат може да има влијание врз финансиските извештаи во иден период.

**Скопје, 22.05.2006 година** **Овластен државен ревизор**

________________________

**Владимир Милојевиќ**

**ЈЗО Медицински центар Кичево**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **31.08.2005** | **31.12.2004** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 10,309 | 16,168 |
| Капитални приходи | 3.2. | 10,812 | 14,467 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 91,830 | 138,597 |
| **Вкупно приходи** | | **112,951** | **169,232** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.4.1. | 56,504 | 97,169 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 58,767 | 83,667 |
| Каматни плаќања | 3.4.3. | 25 | - |
| **Вкупно тековни расходи** | | **115,296** | **180,836** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.5.1. | 1,535 | 3,126 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1,535** | **3,126** |
| **Вкупно расходи** | | **116,831** | **183,962** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **-3,880** | **-14,730** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **-3,880** | **-14,730** |
| **Непокриени расходи** | | **3,880** | **14,730** |

* Вредносните податоци по одделни позиции, меѓусебно не се споредливи, од причина што податоците во колоната 2004 година се со состојба на 31.12.2004г., а во колоната за 2005 година состојбата е со 31.08.2005г., поради статусна промена на субјектот.

**ЈЗО Медицински центар Кичево**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31. ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 31.08.2005 | 31.12.2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 371 | 2,549 |
| Побарувања | 4.1.2. | 124,066 | 89,676 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3. | 55 | 67 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.4. | 192 | 793 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 8,926 | - |
| Залихи | 4.1.6. | 3,102 | 5,626 |
| **Вкупно тековни средства** | | **136,712** | **98,711** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 17,740 | 17,740 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 213,267 | 217,138 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.3. | 882 | 882 |
| **Вкупно постојани средства** | | **231,889** | **235,760** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 4.2.4. | 30,141 | 26,260 |
| **Вкупна актива** | | **398,742** | **360,731** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 36,253 | 33,405 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 3,364 | 2,924 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 183 | 14 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.3.4. | 6,943 | 4,913 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.5. | 4,157 | 4,453 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.6. | 123,287 | 86,483 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **174,187** | **132,192** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4. | 224,555 | 228,539 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **224,555** | **228,539** |
| **Вкупна пасива** | | **398,742** | **360,731** |

* Вредносните податоци по одделни позиции, меѓусебно не се споредливи, од причина што податоците во колоната 2004 година се со состојба на 31.12.2004г., а во колоната за 2005 година состојбата е со 31.08.2005г., поради статусна промена на субјектот.

**ЈЗО Медицински центар Кичево**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ДО 31.08.2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **227,709** | **830** | **228,539** |
| **Зголемување по основ на:** | **6,017** | **68** | **6,085** |
| Набавки | 1,916 | 68 | **1,984** |
| Усогласувања со попис и книжења по завршна сметка | | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | 4,101 | - | **4,101** |
| **Намалување по основ на:** | **9,404** | **665** | **10,069** |
| Издадени материјали по одделенија | - | 665 | **665** |
| Амортизација | 9,404 | - | **9,404** |
| **Состојба 31.08.2005 година** | **224,322** | **233** | **224,555** |